**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6235 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на*

*распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

- **Член 76-а, ставови 2, 3, 4 и 11 од Изборниот законик**
  (2) *„За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*
  *(3) „Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување";*
  *(4) „Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух".*
  *(11) „Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес".*

**6. Констатации од надзорот:**

***Дневно-информативни емисии***

Вкупното време од 8 часа 30 минути и 27 секунди, евидентирано е со методолошка селекција новинарски прилози емитувани во 20 изданија на ТВ дневниците од 17 и од 19:30 часот, во десетдневниот период од 21 до 30 ноември. Исклучок од методолошките правила е направен на 29 ноември (вторник) - анализа е направена на изданието на вториот ТВ-дневник од 19:30 часот и на изданието од 22:45 часот, затоа што во периодот од 16 часот е емитувано – бесплатно политичко претставување, што е обврска за Јавниот радиодифузен сервис според Изборниот законик – член 76-а, став 7, а со подвижен кајрон МРТ1 ги извести гледачите дека поради технички причини не може да го емитува изданието на првиот ТВ-дневник од 17 часот.

Статистиката покажува дека во првите десет дена од медиумското известување за активностите на учесниците во изборната кампања – информативната редакција што ги подготвува двата анализирани ТВ - дневника на МРТ1, прецизно се придржува до програмските принципи утврдени во *„Правилата за медиумско покривање на изборни процеси - за рамномерно политичко претставување"* и до распределбата на информативното време за учесниците во изборната кампања како што е утврдена според членот 76-а, став 2 од Изборниот законик:

*За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

Конкретно, според „математичкиот образец" пропишан со Изборниот законик, распоредот на информативното време во првите десет дена (од 21 до 30 ноември), изгледа вака:

- Активности од кампањите на политичките партии на власт – 29%;
- Активности од кампањите на политичките партии во опозиција – 30%;
- Дневни настани од земјата и од светот – 31%;
- Активности од кампањите на политичките партии што не се во Собранието – 10%;

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:16:25 | 51,05 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:13:16 | 48,95 % |
| | **Вкупно за тема: 02:29:41** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:02:18 | 41,05 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:40:43 | 26,83 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:48:46 | 32,13 % |
| | **Вкупно за тема: 02:31:47** | 100 % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | |
| Претседател на РМ | 00:09:55 | 6,32 % |
| ДИК и други органи | 00:02:31 | 1,60 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:13 | 0,78 % |
| Други субјекти | 00:23:29 | 14,96 % |
| Граѓански сектор | 00:25:11 | 16,04 % |
| Вести од светот | 00:33:00 | 21,02 % |
| Без субјекти | 00:04:22 | 2,78 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:20:45 | 13,22 % |
| Судство | 00:07:03 | 4,49 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:08 | 0,72 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:57 | 2,52 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:16 | 1,44 % |
| Влада на РМ | 00:10:11 | 6,49 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:59 | 2,54 % |
| Локална самоуправа | 00:02:50 | 1,81 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:14 | 0,15 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:54 | 3,12 % |
| | **Вкупно за тема: 02:36:58** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:07:54 | 15,19 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:13:40 | 26,27 % |
| Либерална партија | 00:09:24 | 18,07 % |
| Левица | 00:12:16 | 23,58 % |
| Беса | 00:06:48 | 13,07 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:59 | 3,81 % |
| | **Вкупно за тема: 00:52:01** | 100 % |

**Вкупно: 08:30:27**

Според увидот во статистиката за распоредот на информативното време опфатено во десетте дена од двата анализирани ТВ-дневника, може да се констатира дека Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, при известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања (главно – вести, вести во низа, соопштенија и извештаи од митинзи и други организирани облици за партиски/коалициски настап пред гласачкото тело), се придржуваше до принципот на пропорционалност според бројот на потврдените листи на кандидати за пратеници што учествуваат на Предвремените парламентарни избори. Постигнат е информативен баланс за партиите што се дел од Собранието и учествуваат на предвремените избори, и тоа: од опозицијата – Коалицијата за промени и правда, ДПА и Коалицијата предводена од СДСМ, односно од власта - Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, и партијата ДУИ. Од политичките субјекти што немаат свој претставник во Собранието, а имаат потврдени кандидатски листи за различен број изборни единици, во двата ТВ-дневника беа застапени – Коалицијата ВМРО за Македонија, ЛП, Левица, Беса, ПДП и Коалицијата – Алијанса за Албанците.

Во ставката што ги обединува прилозите чија содржина произлегува од домашни општествено-политички теми, од актуелни настани од меѓународната политика или од други глобално важни случувања, се појавува минутажа за Коалицијата предводена од СДСМ и за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - тоа се должи или на тековни судски процеси во кои се појавуваат претставници на овие политички партии и предизборни групации, или на партиско / коалициски реакции по известувањето на МРТ1 дека нејзина новинарска екипа била плукана и навредувана за време на митинг на Коалицијата на СДСМ. Поради ваквата мотивација на содржината на прилозите, оваа минутажа не е вкалкулирана во времето за – партиски / коалициски изборни активности.

Во информативното време отстапено за други, внатрешно-политички и меѓународно актуелни теми, бележена е минутажата за активностите на: Претседателот на државата (*предавање на претседателот Иванов за предизвиците на Република Македонија соочена со регионалните притисоци од мигрантската и од бегалската криза, и неговите дипломатски средби со државниот врв на Бугарија;*), работата на МВР, на ДИК, на органите на државната управа и на невладини и граѓански (еснафски) организации во прилог на демократски изборен процес (*затворање на Избирачкиот список; работата на Комисијата за следење изборни нерегуларности; „МОСТ – индиции за недозволено трошење буџетски пари пред изборите"; соработката меѓу МИОА и ОДИХР за изборен процес без закани врз администрацијата; повикот на Советот за етика во медиумите за фер новинарски однос во изборната кампања;*), конкретни работни активности на различни гранкови синдикати и интерни недоразбирања во раководството на Сојузот на синдикатите (*протести на Синдикатот на вработените во комбинатот „Југохром"; активност на СОНК за задржување на работното време на градинките; ре-избор на претседател на ССМ и преписка со Министерството за труд и социјална политика;*), соработката на домашните - државни и граѓански општествено-политички структури, со претставници на меѓународната заедница, во прилог на постигање европски демократски стандарди, и воспоставување општествен амбиент што ќе овозможи спроведување фер изборна процедура (*соработката на Академија за судии и јавни обвинители со правни експерти од балканскиот регион; меѓународна дебата организирана од „Социетас цивилис", на тема – Демократијата како предизвик за државите; Кампања поддржана од ООН, против насилството врз жените, спроведена од „Националната мрежа против насилството врз жените";*), економските анализи на Светската банка за потенцијалите на македонската економија, превентивните акции и препораки на локалната самоуправа за справување со аеро загадувањето (*„Ден на дрвото"; препораки од енергетски експерти и од пулмолози; промоција нови методи за заштеда на енергија - поддржана од УСАИД;*), работата на судската власт, како и на Специјалното јавно обвинителство (*тековни судски процеси – против членови на партијата Левица, поради учество во толпа, и рочиште за случајот „Поткуп" против лидерот на СДСМ; барањето на СЈО да му се предаде документацијата за случајот „Сопот", и почетното рочиште за случајот „Тврдина"; реакција на Студентскиот пленум, дека непознати лица нелегално регистрирале исти студентски организации;*).

За рамноправниот новинарски третман на учесниците во изборната кампања, имајќи ги предвид пред сè прописите од Изборниот законик, сведочат и други техничко-продукциски показатели за принципиелниот уредувачки пристап по кој се реализирани поединечните новинарски прилози: најчесто обликувани во основните информативни жанрови вест (*во низа*, доколку новинарски се претставува митинг или друг организиран облик на изборно претставување што е во тек, па политичките поенти се најавуваат за наредните изданија на ТВ-дневникот) и извештај, со рамноправно време за изделување (тонски) цитати од јавно искажаното.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Претседател на РМ | 00:03:26 | 1,68 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:09 | 5,96 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:25:10 | 12,34 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:25:47 | 12,65 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:26:13 | 12,86 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:06:31 | 3,20 | % |
| Левица | 00:09:20 | 4,58 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:05:54 | 2,89 | % |
| Други субјекти | 00:10:01 | 4,91 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:48 | 4,81 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:22:36 | 11,09 | % |
| Либерална партија | 00:07:14 | 3,55 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:20:38 | 10,12 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:06 | 0,54 | % |
| Влада на РМ | 00:03:12 | 1,57 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:12 | 1,08 | % |
| Судство | 00:02:09 | 1,05 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:10 | 0,57 | % |
| Беса | 00:05:24 | 2,65 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:48 | 0,88 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:33 | 0,27 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:55 | 0,45 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:36 | 0,29 | % |
| | **Вкупно: 03:23:52** | **100** | **%** |

Во наведениот десетдневен период, Првиот телевизиски канал на Јавниот радиодифузен сервис ја исполни обврската - да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух, така што обезбеди паралелен превод со знаковен јазик на девет изданија на ТВ-дневникот од 15 часот (не беше преведено само изданието на ТВ-дневникот емитуван во овој програмски период од 28 ноември).

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На 22 ноември од 20:20 часот (репризно на 23 ноември од 16 часот, и на 25 ноември од 1 часот по полноќ), емитувана е едночасовна дебата во рамките на емисијата „Од наш агол", а општо, на различни теми поврзани со изборниот процес, преку промоција на сопствената политичка програма, се соочуваат: Јове Кекеновски од Коалицијата за промени и правда, Никола Тасев, од Коалицијата ВМРО за Македонија, Ивон Величковски од Либералната партија, и Зоран Василевски од партијата Левица.

На 24 ноември од 19:45 часот (репризно на 25 ноември од 16 часот), на тема – македонска економија - емитувана е дебата помеѓу: Владимир Пешевски, претставник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, и Драган Тевдовски, претставник на Коалицијата предводена од СДСМ. Пред почетокот на дебатата, водителот нагласува дека поканил претставници и од ДУИ и од ДПА, но тие, секоја партија од свои причини - не учествуваат во дебатата.

На 28 ноември од 20 часот (репризно на 29 ноември од 15:30 часот), во емисијата „Акцент", на тема – надворешната политика во програмите на политичките партии, дебатираат Радмила Шекеринска, претставничка на Коалицијата предводена од СДСМ, и Илми Селами, претставник на ДУИ. Водителот, пред почетокот на дебатата, нагласува дека претставникот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ своето отсуство го образложил со - „*лоши временски услови за патување*", а ДПА воопшто не се одзвала на поканата за дебата.

На 29 ноември од 20:20 часот, во емисијата „Од наш агол" (репризно на 30 ноември од 17:50 часот) дебатираат: проф. д-р Александар Даштевски и адвокатот (некогашен претседател на ДИК) Александар Новаковски. Тема е – досегашниот тек на изборната кампања.

***Сектор за програмски работи***